РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-266/2
06-02-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава на непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 99-та седница, одржана на ден 26.01.2024 година ја донесе следнава

**Одлука**

Постапката по предметот број 12-3909/1 од 07.08.2023 година, по која е оформен по наводи против генералниот секретар на Владата на РСМ., **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување од причина што во предметниот случај констатирана е повреда на закон односно, во постапката се содржани елементи од членот 275 - в од Кривичниот Законик за Злоупотреба на постапката за јавен повик, поради што ДКСК истражувањето по предметот ќе го достави на надлежно постапување на Јавното обвинителство на РСМ заради прецизно утврдување и дефинирање на кривичните дела.

Предметот со број 12-3909/1 од 07.08.2023 година да се затвори и архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на непознат подносител, на ден 07.08.2023 година, на електронска пошта на ДКСК доставена е пријава заведена под број 12-3909/1 од 07.08.2023 година, по која е оформен предмет со наводи против генералниот секретар на Владата на РСМ. Во пријавата се укажува на сомнеж за незаконитости во спроведена постапка за јавна набавка и склучен договор со --------- за Мајкрософт лиценци со вредност од околу 26 милиони евра. Се истакнува дека зад оваа предметна постапка свој личен интерес имаат премиерот на владата на РСМ (----------- --------------) и вицепремиерот (-------- --------).

Во насока на утврдување на фактичката состојба по веќе оформениот предмет, ДКСК се обрати до Владата на РСМ и побара на писмено да се достави прилог документација на податоци и информации за спроведената тендерска постапка за набавка за мајкрософт лиценци.

Во законски предвидениот рок од страна на владата на РСМ до ДКСК доставен е одговор со прилог документација во кој е наведено следното:

- Потребата за спроведување на ваков вид јавна набавка е врз основа на повеќе работни средби со раководителите на ИТ секторите во повеќе министерства и институции од јавниот сектор уште во 2022 година, во кој процес била реализирана сеопфатна анализа и истражување на состојбите, задоволството и придобивките од воведување на софтверски лиценци и сервиси.
- Врз основа на претходно спроведениот тригодишен договор за јавна набавка на мајкрософт лиценци било направено и дополнително истражување за потребите и на другите институции кои не биле опфатени со тој договор, при што била утврдена потребата од надополнување со нови количини на лиценци и сервиси како за институциите вклучени во тој договор, така и за оние кои не биле дел од него.
- Раководителот на секторот за информатички технологии при Генералниот секретаријат подготвил Анализа за потребата за обнова на софтверски лиценци и сервиси -------. од 03.04.2023 година, врз основа на која произлегла и техничката документација за спроведување на јавната набавка.
- Било договорено економските оператори кои ќе учествуваат во постапката да приложат доказ за соодветното искуство и знаење за спроведување на овој тип јавна набавка.

Постапката за јавна набавка е спроведена по претходно дадена согласност од страна на Владата на РСМ наведена во Нацрт Записник од 142-ра Седница ------------- од 05.04.2023 година во кој стои заклучок дека се дава согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање потребно е користење на

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

буџетски средства во 2023, 2024 и 2025 година на Генералниот секретаријат на Владата на РСМ, за набавка на софтверски лиценци и сервиси во вкупна вредност од 1.500.000.000 денари без ДДВ со динамика на плаќање и тоа:

- 370.000.000 денари во 2023,
- 630.000.000 денари во 2024 и
- 500.000 денари во 2025 година

Во образложението од Одлуката за јавна набавка ------------ од 09.05.2023 година е наведено дека постапката се спроведува со цел набавка на софтверски лиценци за потребите на Секретаријатот за европски прашања, Министерството за надворешни работи, Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците, Министерство за труд и социјална политика, Фонд за пензиско и инвалидско осигурување, Министерство за култура, Министерство за внатрешни работи, Цариснка управа, Министерство за транспорт и врски, Министерство за здравство, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за економија, Министерство за локална самоуправа, Фонд за здравствено осигурување, Министерство за финансии, Државен завод за статистика, Министерство за одбрана, Министерство за правда, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и министерство за образование.

Од приложената документација ДКСК го утврди следното:

✓ При утврдување на проценетата вредност не е испочитуван членот 76 од Законот за јавните набавки, според кој, по донесување на одлуката за јавна набавка, а пред објавување на огласот за јавна набавка, договорниот орган треба да спроведе технички дијалог со економските оператори. При спроведување на технички дијалог тендерската документација што се планира да се користи во постапката се прави достапна на ЕСЈН системот, и се овозможува секој заинтересиран економски оператор да даде свои предлози и коментари на објавената тендерска документација. Понатаму договорниот орган (ДО) ги разгледува добиените предлози и коментари, и доколку се прифатливи, соодветно ги имплементира во тендерската документација.
***Со извршената анализа на податоците кои се јавно достапни на ЕСЈН системот констатирано е дека Генералниот секретаријат нема спроведено претходна проверка на пазарот за потребите на оваа набавка, односно не објавил оглас за спроведување на технички дијалог. Иако претходната проверка на пазарот не е задолжителна, доколку се земе предвид сложеноста и вредноста на предметот на набавка произлегува дека е пожелно да се преземат активности од овој вид со цел да се обезбеди конкуренција и соодветен квалитет на предметот на набавката во однос на неговата намена и вредност.***
Наместо вршење на претходна проверка на пазарот на начин утврден со Законот за јавни набавки, во прилог на предмет доставена е e-mail комуникација помеѓу лице овластено од Генералниот секретаријат и одговорно лице од Microsoft преку која се добиваат ориентациони цени на производите кои се предмет на техничката спецификација а кои понатаму служат при формирање на проценетата вредност на постапката. ***Евидентна е разликата во цените дадени од производителот и проценетата цена.***

✓ Во врска со проценката на потребни количини за потребите на набавката, ДКСК го разгледа документот "Анализа на потребата за обнова на софтверски лиценци и сервиси" -------- од 04.04.2023 година во која се наведува дека е направено истражување за проценка на реалните потреби на институциите за чии потреби ќе се врши набавка на лиценци. Во рамки на овој документ дадени се информации за одржани состаноци со институциите како и спецификации во кои се наведени потребите од набавка на лиценци по вид и количини за секоја институција поединечно.
***Во рамки на анализата не се приложени Записници од одржани состаноци со институции, ниту пак е приложена било каква форма на писмен доказ дека институциите се сложуваат и ги потврдуваат дефинираните потреби за набавка, со што се создава ризик од набавка на софтверски лиценци за кои не е утврдена потреба.***
Дополнително ДКСК се обрати до институциите на кои им биле распоредени лиценци и од добиените договори се констатира дека:

- ***Во некои институции има доделено помалку лиценци од потребните***
- ***Во некои институции има доделено повеќе од потребните***

- *Некои не ни биле консултирани за потребата*
- *Некои одговорија дека техничката спецификација во фазата на подготовка односно пред објавување на тендерот ја доставиле до Генералниот секретаријат и фирмата Аитонкс која всушност го добила тендерот.*

**Од погоре наведеното, ДКСК го констатира следново:**

- ***Нецелосно и непотврдено преземање на активности за проценка на вредноста на набавката и истражување на пазарот влијае за нецелосно почитување на Начелото на економичност, ефикасност и ефективност на користењето на јавните средства во постапките за јавни набавки утврдено во член 4 од Законот за јавните набавки. Непочитувањето на ова начело создава ризик од неусогласеност на проценетата вредност на постапката за јавна набавка со пазарните услови и цени што пак понатаму има влијание на рационалното користење на буџетските средства.***
  ***Од друга страна, отсуството на технички дијалог може да влијае на начинот на кој се дефинира предметот на набавката во техничките спецификации со што постои ризик од создавање на забуна кај економските оператори при поднесување на понудите или пак отвора простор за субјективизам при вршењето на евалуацијата.***
- ***Учеството на Економскиот оператор (ЕО) што го добил тендерот, во подготовката на тендерската спецификација е спротивно на членот 36 од Законот за јавни набавки (ЈН), согласно кој лицата што учествуваат во изработка на техничката спецификација не смеат да учествуваат на тендерот со што всушност треба да се обезбеди заштита на интегритетот на набавката.***
  ***Од наведеното може да се заклучи дека договорниот орган (ДО) пред отпочнување на постапката за ЈН бил во комуникација со ЕО чија понуда е избрана за најповолна и со кого е склучен договор за ЈН. Со тоа ЕО имал можност да се стекне со предност пред другите ЕО, дотолку повеќе што на ЕСЈН не постојат докази дека ДО на транспарентен и законски начин организирал технички дијалог во фазата на изготвување на тендерската документација и техничката спецификација. Поради тоа не е испочитувано начелото за еднаков третман и не дискриминација на економските оператори, предвидено со член 7 од ЗЈН.***
- ***По завршената евалуација Комисијата за јавни набавки дала предог да се поништи постапка бидејќи сите понуди биле неприфатливи, но по извршена Управна контрола на постапката, во Записникот е наведено дека е направен пропуст при евалуацијата на понудата на еден економски оператор, односно, се наведува дека банкарската гаранција била уредно доставена иако комисијата констатирала спротивно. По ова е направена повторна евалуација и понудата на овој економски оператор е избрана за најповолна.***

Од сето погоре констатирано и имајќи предвид дека во предметната постапка содржани се елементи од членот 275 - в од Кривичниот Законик, за Злоупотреба на постапката за јавен повик, а од друга страна фактот дека со **договорот се планирани и значителни средства за набавка на услуги за инсталација, одржување и обуки за користење**, и потребно е да се утврди **дали сите лиценци се отстапени на институциите и дали се одржани обуки особено доколку се фактурирало за истите**, од страна на ДКСК констатирана е повреда на закон и се одлучи истражувањето по предметот да се достави на надлежно постапување на Јавното обвинителство на РСМ заради прецизно утврдување и дефинирање на кривичните дела. Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување по предметот и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изработил: П.Б.
Одобрил: Б.И

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**